ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 01-196/1
18 07 2023 год.

ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран

Ул.„Моша Пијаде“бр.14 Нов Дојран

Тел:034/227-237 mail: kracin_dojran@yahoo.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„КОЧО РАЦИН“ –НОВ ДОЈРАН ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА



***СОДРЖИНА:***

*1 .Вовед*----------------------------------------------------------------------------------------------------*3*

*2. Услови за работа*--------------------------------------------------------------------------------------*4*

*3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година*-----------*4*

*4. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната дејност*---------------*5*

*5. Успех на учениците на крајот од учебната 2022/23 година*------- --------------------------*13*

*6. Соработка со родителите*------------------------------------------------------------------------*17*

**ВОВЕД**

Врз основа на член 122 алинеја 2 став 8 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.Македонија бр.161/2019 и 229/2020) како и член 12 алинеја 4 од Статутот на училиштето со цел да се даде информација за одделните подрачја од дејноста, како и за постигнатите резултати, успеси и поведенија на учениците по предлог на Директорот на училиштето на ден 7.07.2023 год Наставничкиот Совет го разгледа Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/23 година.

Појдовна основа за изготвување на Годишниот извештај се:

-Годишна програма за работа на училиштето

-Годишна програма за работа на раководниот и стручниот кадар, тела и органи за тековната учебна година

-Документацијата за нивната реализација

-Статистички прегледи и извештаи за бројот и опфатеноста на учениците и паралелките

-Условите за работа и успехот и поведението на учениците

-Реализацијата на плановите и програмите за наставата и воннаставните активности и другата стручна и педагошка дејност.

## 2.Услови за работа во училиштето

Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ е лоцирано на улица ,,Моша Пијаде“ бр.14 во Нов Дојран и опфаќа ученици од Нов Дојран, и населените околни места Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели.

Во сите подрачни училишта (Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели) одделенската настава се изведува во комбинирани паралелки со исклучок на централното училиште во Нов Дојран и петто одделение во ПУ Николиќ каде наставата се изведува во чиста паралелка.

Ова учебна година започна на 01.09.2022 година со наставата од I до IX одделение и истата се изведува со физичко присуство.

## 3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година

Училишните згради ги задоволуваат основните потреби за одвивање на настава со физичко присуство за реализација на воспитно-образовниот процес и изведување на настава. Од материјално-технички аспект училиштето во Нов Дојран и сите ПУ навремено беа подготвени за почетокот на учебната година.

## 4.Планирање, реализација и унапредување на Воспитно-образовната дејност

Според Календарот за работа за учебната 2022/23 година која започна на први септември а завршува на 31 август 2023 година, а пак наставната година започна на 1 септември 2023 год. и завршува на 14 јуни 2023 година со навремено планирање од страна на сите наставници во сите подрачја. Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23 година по предлог на Училишниот одбор беше донесена и доставена до советот на Општина Дојран и истата беше навремено усвоена.

Според Календарот за работа во учебната 2022/23 година, планирани се 180 наставни работни денови, а во првото полугодие се реализирани 87 наставни и работни денови и 93 наставни и работни денови во второто полугодие.

Наставниците изработуваат дневни подготовки и сценарија за час кои ги содржат следниве компоненти: наставна тема, наставна единица, тип на часот, цели на часот, форми, методи, средства, план за текот и завршен дел на часот.

Директорот и стручната служба во текот на оваа учебна година вршеа увид во успешното реализирање на предвидените планови и програми за работа, применување на современи форми и методи на работа, односот на вработените кон учениците и родителите, навремено извршување на сите обврски на воспитно-образовниот кадар предвиден со Законот.

Наставата како најорганизирано и планско образование се организираше и реализираше според наставните планови и програми изработени од БРОМ за задолжителни и изборни предмети што се изучуваат по одделение. Со почетокот на минатата и оваа учебна 2022/23 почна да се применува и новата Концепција за основно образование, во прво, второ, четврто и петто одделение. Наставни програми по сите предмети се веќе изработени од страна на Бирото за развој на образованието. Придобивките се намален број предмети, нивно интегрирање и можност на учениците да избираат предмети со што се почитуваат нивните интереси и се овозможува развој на нивните потенцијали. Целта на оваа Концепција е она што учениците го учат да можат да го поврзат со секојдневниот живот и тоа е водечкиот принцип по кој се креирани наставните програми. Тие се темелат на инклузивност, родова сензитивност / рамноправност и интеркултурност т.е. подобрена интеретничка интеграција.

Во учебната 2022/23 година запишани се вкупно 267 ученика и тоа 161 во одделенска настава и 106 во предметна настава, од кои 6 ученици се со посебни образовни потреби во одделенска настава, а еден е ученик во предметна настава во осмо одделение.

Со започнување на процесот на иновирање на основното образование, постигањата на учениците во воспитно образовниот процес, од прво, второ, и трето одделение од првиот образовен период, како и учениците од четврто, петто и шесто одделение од вториот образовен период, континуирано се следеа, проверуваа, опишуваа и описно беа оценети во првото полугодие, а учениците од седмо, осмо и деветто одделение беа оценети бројчано.

Според новата концеција за основно образование на учениците од вториот и третиот период на основно образование (IV-IX)одделение им беше понудено да изберат од четири категории слободни изборни предмети по еден во секое полугодие. Во првата категорија се предмети за продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети. Втората категорија предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети. Во третата категорија се слободни изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, а во четвртата категорија се изборни предмети од спортско-рекреативен карактер.

Во нашето училиште во **четврто** одделение за првото полугодие во соработка со родителите беше избран предметот Математика со логичко размислување (резонирање ), а за второто полугодие е Фудбал, додека за **петто** одделение за првото полугодие избран е

предметот Тетарски работилници, а за второ полугодие избран е предметот Ракомет
Како изборни предмети учениците оваа учебна година ги изучуваа следните предмети:

- Во шесто одделение го изучуваат предметот Класична култура на европската цивилизација
- Во седмо одделение го изучуваат предметот Вештини на живеење
- Во осмо одделение го изучуваат предметот Танци и народни ора
- Во деветто одделение го изучуваат предметот Истражување на родниот крај

На 01.09. 2022 година беше прв среќен училишен ден, им посакавме радост и добредојде на нашите вредни првачиња како и среќа и успеси на другите ученици кои оваа учебна година настава следат во нашето училиште. Се приреди свечен прием за првачињата кои за прв пат седнаа во училишните клупи и зачекорија во светот на знаењата.

За среќен почеток и успешна работа на учениците од прво одделение при ООУ „Кочо Рацин“ им беа доделени подароци (ранци и училишен прибор) од страна на градоначалникот на Општина Дојран. кои беа обезбедени во соработка со градоначалникот на град Истанбул - Република Турција. Исто така среќен почеток на првачињата им посака и директорот на училиштето Мирослав Бошнаков како и градоначалникот на општина Дојран г-дин Анго Ангов .

**Забавен училишен спорт при ФУСМ -** По повод „Европската недела на спортот 2022", ученици од IV-IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран учествуваа во манифестацијата за проектот „Европската недела на спортот“ поттикната од Агенцијата за млади и спорт и реализираа активности од мултиспортски карактер.

Октомври е месецот на книгата, кога го поттикнуваме читањето и ги охрабруваме сите да читаат, а училишната библиотека е еден од главните извори од каде што учениците бараат знаења. Читањето не е само здобивање со знаење, туку можност да се влезе во световите кои може никогаш нема да ги видат за тоа, учениците од одделенска настава ја посетија училишната библиотека заедно со нивните наставници.

Првата недела од месец октомври е детска недела и по тој повод учениците учествуваа во разни активности со цртање на креди во боја во училишниот двор, изработка на хамери со цртежи на детски активности и читање на детските права. Додека пак учениците од предметна настава заедно со наставничката по македонски јазик реализираа ликовна работилница на тема – ЕДНАКВОСТ. Идентификување на разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и анализирање на нивната поврзаност и меѓузависност, како и спортски активност во рамките на детската недела и постигнати се следниве резултати.

Постигнати резултати:

Одбојка - IXа-IXб (2:1) во сетови;
Фудбал - VII-VIII (6:3);
Фудбал - VI-V (3:1);
Женски фудбал V-VI (победа на пенали за V одделение).



Со одбележување на Светскиот ден на наставниците 5 ти октомври се заблагодаруваме на сите наставници и воспитно-образовен кадар за придонесот што го даваат за развивање и унапредување на општеството преку нивната работа, а со тоа и создавање на подобро утре.

По тој повод беше распишан литературен и ликовен конкурс во кој учествуваа учениците од I до IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран и комисијата одлучи да им се доделат награди на следниве ученици:

Ученици од I до V одделение
Литературен конкурс:
1 место –„Мојата учителка“ – Бојана Мазнова IV одд.
2 место –„Ден на наставничките“ – Верица Ангелова V одд.
3 место –„Мојот учител“– Вероника Кадиева II одд.

Ликовен конкурс:
1 место – Сузана Јанкулова IV одд.
2 место – Глигор Стамов V одд.
3 место – Назије Агушева IV одд.

Ученици од VI до IX одделение
Литературен конкурс:
1 место – „Мојата наставничка“- Димитар Делев VI одд.

2 место – „ Моето училиште“- Михаела Ајцева VII одд.
3 место – „Моето училиште“- Александра Иванова VII одд.

На 17.10.2022 година (понеделник) во нашето училиште беше организирана еколошка акција. Во акцијата учествуваа учениците заедно со своите класни раководители, предметни и одделенски наставници. Еколошката акција беше реализирана во училишниот двор и истата беше наменета за целосно чистење на дворот.

Се надеваме дека со ваквите активности ќе се зголеми свеста кај младите за зачувување на средината во која што учат и живеат. Нашето училиште и понатаму активно ќе се вклучува во сите акции и кампањи од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.

Според Програмата за еднакви можности помеѓу жените и мажите во Општина Дојран, оваа календарска година предвидено е да се реализираат обуки за спречување на врсничкото насилство односно булинг во училиштата, како и обука, односно предавања за спречување на малолетнички бракови.

Во соработка со стручни лица од Центарот за социјални работи од Гевгелија изминатиот период се спроведуваа обуките за спречување на малолетничките бракови.

Според Кривичниот законик, детските бракови се забранети, а животот во вонбрачна заедница со малолетни лица се смета за повреда на правата на децата и претставува кривично дело. Освен што малолетничките бракови имаат негативно влијание врз здравјето на младите девојчиња тоа е и една од причините за напуштањето на училиштето.

Токму поради овие причини, Општина Дојран заедно со стручниот тим од Центарот за социјални работи и стручните соработници во училиштето во наредниот период ќе се врши едукација за ризикот од малолетнички бракови, како и нивното спречување и одложување за подоцна во животот.

Учениците и наставниците при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран организираа есенска работилница насловена „Виножито од бои“ во којашто го доловија волшебното шаренило и незаменливата убавина на природата во есен.

Потребата од воведување иновации и технологии во образованието е повеќе од неопходна, а примената на интерактивни табли, таблети и ИКТ алатки им обезбедува на учениците поинаква атмосфера од вообичаената училница во која ќе можат слободно да ги искажат своите идеи, да бидат креативни и да размислуваат во насока на иновации.

Интерактивната табла е посебно осмислен уред со специфичен софтвер кој овозможува интерактивна работа за време на наставата. Од оваа учебна година нашето училиште е целосно опремено со оваа иновативна наставна опрема.

По повод Месецот на книгата беше распишан литературен конкурс во кој учествуваа учениците од VI до IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран и комисијата одлучи да им се доделат награди на следниве ученици:

1 место – Босилка Стојанова VIII одд.
2 место – Живко Делев VI одд.
3 место – Михаела Ајцева VII одд.

По истиот повод Месецот на книгата беше распишан и ликовен конкурс во кој учествуваа учениците од I до V одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран и комисијата одлучи да им се доделат награди на следниве ученици:

1 место - Ивана Димова V одд.
2 место - Глигор Стамов V одд.
3 место - Антонио Узунов I одд.

Пофалени ученици:
Нина Георгиева III одд.
Оливер Караколев II одд.
Мирко Упчев V одд.
Јана Бошнакова III одд.
Илија и Иво Узунови IV одд.

По повод 5-ти Ноември (Денот на ослободувањето на Дојран) беше распишан ликовен конкурс во кој учествуваа учениците од I до V одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран и комисијата одлучи да им се доделат награди и пофалници на следниве ученици:

1 место - Наталија Тасева III одд. (Нов Дојран)
2 место - Звонко Цинев IV одд. (Нов Дојран)
3 место - Сузана Јанкулова IV одд. (Николиќ)

Пофалени ученици:
Глигор Стамов V одд. (Нов Дојран)
Стефан Апостолов V одд. (Нов Дојран)
Мики Стамов II одд. (Нов Дојран)
Јана Бошнакова III одд. (Нов Дојран)
Зоран и Владемир Кортови III одд./V одд. (Нов Дојран)

По повод 5-ти Ноември (Денот на ослободувањето на Дојран) беше распишан литературен конкурс во кој учествуваа учениците од VI до IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран и комисијата одлучи да им се доделат награди на следниве ученици:

1 место - Јована Мазнова VI одд.🥇
2 место - Теодор Чуков VII одд.🥈
3 место - Васил Стоев IX одд.🥉

По повод прославување на 5-ти Ноември (Денот на ослободувањето на Дојран) 🎉 се организираше и крос на учениците од ООУ„Кочо Рацин“
🏃‍♀️🏃
📍Наградени ученици во женска категорија:
1 место - Наталија Јованова🥇
2 место - Шукрија Курти🥈
3 место - Ендире Курти🥉
📍Наградени ученици во машка категорија:
1 место - Васил Стоев🥇
2 место - Љубе Тасиќ🥈
3 место - Стојан Бозаџиев🥉

- Исто така имаше и музичка изведба на училишниот хор при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран. 🎼🎹🎤
- Положување свежо цвеќе пред спомен обележјето во Нов Дојран. 💐🌹🌺
- Доделување награди и пофалници на учениците од ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран.

На 08.11.2022 година (вторник) во спортската сала на ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран се одржа меѓуопштински натпревар во Одбојка (машка категорија) помеѓу општините Дојран, Валандово и Богданци.
Резултати:
Валандово - Богданци 2:0;
Валандово - Дојран 0:2;
Богданци - Дојран 0:2.

На 08.11.2022 година (вторник) на спортските терени при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран се одржа меѓуопштински натпревар во Футсал (машка категорија) помеѓу општините Дојран, Валандово и Богданци.
Резултати:
Валандово - Богданци 3:0;
Валандово - Дојран 2:1;
Богданци - Дојран 2:0.

На 15.11.2022 година (вторник), во Валандово се одржа меѓуопштински натпревар во Футсал (женска категорија) помеѓу општините Дојран, Валандово и Богданци.
Резултати:
Валандово - Богданци 3:0;
Валандово - Дојран 3:0.

На 15.11.2022 година (вторник), во Валандово се одржа меѓуопштински натпревар во Одбојка (женска категорија) помеѓу општините Дојран, Валандово и Богданци.
Резултати:
Дојран - Богданци 2:0 во сетови;
Валандово - Богданци 2:1;
Валандово - Дојран 2:1.

На 16.11.2022 се одржа предавање за спречување на малолетнички бракови, како и предавање за запирање и ставање крај на врсничкото насилство од страна на стручни лица од Центарот за социјални работи во соработка со Општина Дојран.

Збогатување на библиотечен фонд на книги од едукативен карактер
Јазичниот актив при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран ги охрабрува учениците да читаат и да не ги изостават континуираните средби со книгите. Библиотеката е извор на знаења, а книгите ја будат креативноста и ја зголемуваат љубопитноста.

Здрава храна, здрави деца!
Учениците од прво до петто одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран, заедно со своите наставнички, разговараа на тема „Здрава храна“, се запознаа со нутритивните својства на зеленчукот и овошјето и ги презентираа придобивките од воспоставување на здрави навики во секојдневната исхрана.

Садење цвеќиња и уредување на училишниот двор од страна на вредните раце на учениците од второ и трето одделение при ПУ „Кочо Рацин“ - Стар Дојран. Благодарност до родителите на учениците кои ја поддржаа оваа акција и донираа цвеќиња.

На 25.11.2022 по иницијатива на ученичката заедница, се одржа предавање и дискусија на тема „Злоупотреба на наркотици и психотропни супстанции од деца“. На предавањето присуствуаа учениците од IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран. Имајќи ја предвид ситуацијата дека зависноста од наркотици и психотропни супстанции во последните години кај нас е сè поприсутна, пред сè меѓу училишната популација и младината, нашето училиште се обидува активно да се вклучи во спречување и во сузбивање на оваа појава на разни начини. Предавањето имаше превентивен и едукативен карактер, се со цел младата популација (учениците од училиштето) да бидат запознаени со најчестите причини и опасности од користење и употреба на наркотици и психотропни супстанции.

На 2.12.2022 се одржа предавање и дискусија на тема „Не за пушењето и алкохолот“. На предавањето присуствуаа учениците од IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, а предавањето го одржаа наставничката по биологија - Гордана Терзиева, заедно со стручниот соработник, педагог - Жаклина Кречева. Фокусот на предавањето беше учениците да располагаат со детални информации, при што е неопходно да се обрне внимание на следните прашања:
Како да се осознаат последиците од пушењето;
Како да се одолее на притисокот на општествената средина, особено на врсниците;
И како да се донесе одлука за непушење и непиење алкохол.

На ден 05.12.2022 година (понеделник), во спортската сала при ООУ „Кочо Рацин" - Нов Дојран се одржа зонски натпревар во Одбојка (машка категорија) помеѓу општините Дојран, Валандово и Велес.
Резултати во сетови:
Валандово - Велес 0:2;
Валандово - Дојран 0:2;
Велес - Дојран 2:0.

ООУ „Кочо Рацин" активно продолжува со низата едукативни предавања за ставање крај на врсничкото насилство. Учениците од ПУ Николиќ присуствуваа на предавање од страна на стручни лица од Центарот за социјални работи во соработка со Општина Дојран. Целта на овие предавања е учениците да се запознаат со последиците коишто произлегуваат од врсничкото насилство, препознавање и превентивни мерки, наоѓање решение и справување со овој проблем.

Конкурс за учениците од основното образование на тема „Светот кој го сакам во 2023 година", распишан од страна на Министерството за образование и наука.

Грижата едни за други, ставањето на колективното добро, пред индивидуалното е мотивот по кој беше работена Програмата за еднакви можности помеѓу жените и мажите во Општина Дојран. Од одржани над 20 работилници за врсничко насилство, вчера (15.12.2022 год.) во подрачното училиште во Николиќ, беше одржана и средба со родителите на која се зборуваше за врсничкото насилство како генерален, општествен проблем.

🎄🥳🎶 По повод Нова Година, ООУ „Кочо Рацин" – Нов Дојран, као и по ПУ Стар Дојран, ПУ Црничани, ПУ Николиќ, ПУ Ѓопчели се организираа новогодишни приредби на коишто нашите ученици се претставија со новогодишни стихови, изведби и песни. На истите имаше безброј детски насмевки и волшебни моменти кои само децата можат да ги создадат, за себе за другарчето и за возрасните.
🎄☃️❄️Новогодишна приредба🎄☃️❄️



Во весела и празнична атмосфера, а на задоволство и радост на најмалите, ПЗУ „Александра Дент“ ги посети учениците од ПУ Црничани и ги израдува со новогодишни подароци.



НОВОГОДИШЕН БАЗАР се одржа на, 30.12.2022 година, во градскиот парк во Стар Дојран, а во кој учествуваа и нашите вредни и креативни ученици со нивни ракотворби и музички изведби.










ООУ „Кочо Рацин“ во претпразнична, весела еуфорија проследена со лотарија, новогодишни активности и доделување на награди и пофалници на учениците коишто учествуваа и освоија прво, второ и трето место на распишаните конкурси во текот на првото полугодие.




На ден 03.02.2023 година (петок), со учениците од 9-б одделение беше одржана работилница на тема: „Меѓуврсничка комуникација и почит меѓу учениците“ во рамки на програмата за промоција, превенција и интервенција во насока на унапредување на менталното здравје од страна на психологот Стефани Шапкарова и педагогот Жаклина Кречева.

На ден 04.02.2023 год. беше одржан општински натпревар по математика за учениците од IV до IX одд. Нашите ученици ги постигнаа следните резултати и остварија пласман на регионален натпревар:

Љупчо Стоев VII одд. - II награда, ментор: Ѓорге Атанасов;
Димитар Делев VI одд. - Пофалница, ментор: Ристо Ристов;
Јована Максимова VI одд. - Пофалница, ментор: Ристо Ристов;
Тиана Јанкулова V одд. - III награда, ментор: Марија Гугова-Стоева;
Владемир Кортов V одд. - учество на регионален, ментор: Марија Гугова-Стоева;
Љубица Шулева IV одд. - III награда, ментор: Драгица Маказчиев;
Бојана Мазнова IV одд. - Пофалница, ментор: Драгица Маказчиев.

На 04.03.2023 год. (сабота), во ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран беше одржан регионален натпревар по математика за учениците од четврто до деветто одделение.
Натпреварот беше во организација на Сојузот на математичари, а учество зедоа 79 ученици од Дојран, Богданци, Стојаково, Валандово, Јосифово, Гевгелија, Негорци и Миравци. Наградени и пофалени ученици при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран:

Бојана Мазнова IV одделение - I награда, ментор: Драгица Маказчиев;
Тиана Јанкулова V одделение - пофалница, ментор: Марија Гугова Стоева;

Јована Максимова VI одделение - пофалница, ментор: Ристо Ристов;
Љупчо Стоев VII одделение - пофалница, ментор: Ѓорге Атанасов.

На општинскиот натпревар по географија кој се одржа на 04.03.2023 година, нашите ученици покажаа одличен успех и ги постигнаа следните резултати:

Нина Стојанова VI одд. – 70 поени;
Кристијан Стамков VI одд. /;
Теодор Чуков VII одд. – 83 поени;
Никола Упчев VII одд. – 58 поени.

По повод Осми март, Меѓународен ден на жената, беше распишан литературен конкурс на тема „Жената - најубавиот цвет во долината на моето детство“ во кој учествуваа учениците од VI до IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран. Комисијата одлучи да ги награди и да ги пофали следните ученици:

Наградени ученици:
1 место - Марија Танова IX одд.
2 место - Нина Стојанова VI одд.
3 место - Димитар Делев VI одд.
Пофалени ученици:
Матеа Кадиева VII одд.
Илија Ризов VII одд.
Јована Максимова VI одд.
Јована Мазнова VI одд.

По повод Осми март, Меѓународен ден на жената, беше распишан ликовен конкурс во кој учествуваа учениците од I до V одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран. Комисијата одлучи да ги награди следните ученици:

1 место - Јана Бошнакова III одд.
2 место - Есра Агушева V одд.
3 место - Нина Илиева I одд.

На ден 10.03.2023 се одржа општински натпревар по биологија за учениците од VII до IX одд. Учениците од ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран ги постигнаа следните резултати:

1. Васил Стоев IX одд. 94% остварување (46 п.) - I награда;
2. Снежана Тасева IX одд. 86% остварување (42 п.) - I награда;
3. Сара Катранџиева VIII одд. 86% остварување (38 п.) - I награда;
4. Љупчо Стоев VII одд. 93% остварување (43 п.) - I награда;
5. Михаела Ајцева VII одд. 67% остварување (31 п.) - III награда.

Ментор: Гордана Терзиева

На ден 10.03.2023 се одржа општински натпревар по природни науки за учениците од IV и V одделение. Учениците од ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран ги постигнаа следните резултати и оствbooкарија пласман на регионален натпревар:

1. Христијан Ајцев V одд. 83% остварување (38 п.) - II награда, ментор Дори Стојчева;
2. Теоман Ибраимов V одд. 76% остварување (35 п.) - II награда, ментор Дори Стојчева;
3. Владемир Кортов V одд. 67% остварување (31 п.) - III награда, ментор Дори Стојчева;
4. Ивана Димова V одд. 65% остварување (30 п.) - III награда, ментор Дори Стојчева;
5. Верица Ангелова V одд. 54% остварување (25 п.) – пофалница, ментор Дори Стојчева;
6. Христина Максимова IV одд. 77% остварување (37 п.) - II награда, ментор Мара Пејкова;
7. Панче Јанев IV одд. 71% остварување (34 п.) - II награда, ментор Мара Пејкова;
8. Мите Ангов IV одд. 67% остварување (32 п.) - III награда, ментор Мара Пејкова.

На Меѓународниот математички натпревар „Кенгур без граници“ кој се одржа на 23.03.2023 година, нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

Васил Стоев IX одд. - 90п. (Прва награда)
Љупчо Стоев VII одд. - 90п. (Прва награда)
Ментор: Ѓорге Атанасов
Димитар Делев VI одд. - 63.75п. (Прва награда)
Кети Ризова VI одд. - 52.25п. (Трета награда)
Кирил Узунов VI одд. - 46п. (Трета награда)
Ментор: Ристо Ристов

Тиана Јанкулова V одд. - 81.25п. (Прва награда)
Стефан Апостолов V одд. - 51.25п. (Втора награда)
Ивана Димова V одд. - 42.5п. (Трета награда)
Армине Салија V одд. - 41.25п. (Трета награда)
Јане Лазаров V одд. - 40п. (Трета награда)
Владемир Кортов V одд. - 37.5п. (Пофалница)
Ментор: Марија Гугова-Стоева

Бојана Мазнова IV одд. - 76.25п. (Прва награда)
Благој Георгиевски IV одд. - 57.5п. (Втора награда)
Ѓорѓе Упчев IV одд. - 53.75п. (Втора награда)
Љубица Шулева IV одд. - 47.5п. (Втора награда)
Лимаен Салија IV одд. - 32.5п. (Пофалница)
Звонко Џинев IV одд. - 25п. (Пофалница)
Ментор: Драгица Маказчиев

Наталија Тасева III одд. - 116.25п. (Прва награда)
Стефан Јанкулов III одд. - 80п. (Прва награда)
Јана Бошнакова III одд. - 77.5п. (Втора награда)
Зоран Кортов III одд. - 65.75п. (Втора награда)
Ментор: Јована Костадинова-Гогов

Вероника Кадиева II одд. - 102.5п. (Прва награда)
Мики Стамов II одд. - 93.75п. (Прва награда)
Марко Упчев II одд. - 86.25п. (Прва награда)
Ахмет Етемовски II одд. - 80п. (Втора награда)
Анастасија Шулева II одд. - 75п. (Втора награда)
Оливер Караколев II одд. - 61.25п. (Втора награда)
Ментор: Николина Ѓоргиева

Во пресрет на 1 Април – Денот на шегата, нашите ученици, заедно со одделенските и класните раководители, организираа маскенбал во којшто ги претставија своите костими и маски, се забавуваа, пееја детски преснички и разменија низа досетки, шеги и трикови со неизбежното „АПРИЛИЛИЛИ“.

По повод Први Април, Меѓународниот ден на шегата беше распишан конкурс за најсмешна и најкреативна маска во кој учествуваа учениците од I до IX одделение при ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран. Комисијата одлучи да ги награди и да ги пофали следниве маски:

I-V

Наградени маски:

1 место-„Пуканки“-трето одделение
2 место-„Бубамари“-прво одделение
3 место-„Пролет“-второ одделение

Пофалени маски:

„Немаме резервна планета“-петто одделение
„Коцките на Рубик“-четврто одделение.

VI-IX

Наградени маски:

1 место-„Стјуардеси и криминалци“-седмо одделение
2 место-„Девојчето и дванаесетте месеци“-осмо и деветто одделение
3 место-„Доктори“-шесто одделение.

Темата за Светскиот ден на здравјето во 2023 година е „Здравје за сите,“ а учениците од ПУ Фурка при ООУ „Кочо Рацин“ го одбележаа овој ден упатувајќи пораки за промовирање на здравјето, со цел да се подигне свеста за здравствените проблеми на луѓето ширум светот

На регионалниот натпревар по БИОЛОГИЈА, кој се одржа на 07.04.2023 год. нашите ученици покажаа одличен успех и ги постигнаа следните резултати:

VII одделение:
Михаела Ајцева - I награда, продолжува на државен;
Љупчо Стоев - II награда, продолжува на државен;
VIII одделение:
Сара Катранџиева - II награда, продолжува на државен;
IX Одделение:
Снежана Тасева - II награда, продолжува на државен;
Васил Стоев - III награда.
Ментор: Гордана Терзиева

На регоналниот натпревар по географија одржан на 08.04.2023 година, нашите ученици покажаа одличен успех и ги постигнаа следните резултати:

Нина Стојанова VI одд. – 70 поени, продолжува на државен натпревар;
Теодор Чуков VII одд. – 34 поени.
Ментор: Кирил Кречев

На ден 10.04.2023 се одржа регионален натпревар по природни науки за учениците од IV и V одделение. Учениците од ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран ги постигнаа следните резултати:

Христијан Ајцев V одд. - III награда, ментор Дори Стојчева;
Верица Ангелова V одд. - III награда, ментор Дори Стојчева;
Теоман Ибраимов V одд. - пофалница, ментор Дори Стојчева;
Владимир Кортов V одд. - пофалница, ментор Дори Стојчева;
Ивана Димова V одд. - пофалница, ментор Дори Стојчева;
Мите Ангов IV одд. - пофалница, ментор Мара Пејкова;
Панче Јанев IV одд. - пофалница, ментор Мара Пејкова;
Христина Максимова IV одд. - пофалница, ментор Мара Пејкова

На ден 12.04.2023 година, учениците и наставниците од ПУ Фурка при ООУ „Кочо Рацин“ организираа претпразничен, велигденски базар во којшто ги претставија своите ракотворби и го најавија доаѓањето на празникот Велигден а учениците од прво до петто одделение при ПУ Николиќ, ПУ Ѓопчели и ПУ Црничани реализираа интеркултурни содржини и МИО активности.

Во пресрет на одбележувањето на Денот на планетата Земја (22.04.), учениците при ООУ „Кочо Рацин“ учествуваа во активности за заштита на животната средина и упатија пораки за секојдневно залагање, одговорно однесување и рационално користење на природните ресурси. Учениците изработија креации од рециклиран материјал, а испратија и апел за користење на обновливи видови енергија, правилно складирање на отпадот и користење на секундарните суровини со рециклирање

На 28-ми април (петок), се одржа првата од серијата работилници за справување со стрес и анксиозност кај учениците од ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран.
Работилниците и едукативните предавања се во склоп на годишниот план за родова еднаквост помеѓу жените и мажите во Општина Дојран.

Беа посетени подрачните училишта во Стар Дојран и во Николиќ, а работилница се одржа и во спортската сала во Нов Дојран, со учениците од шесто до деветто одделение. Фокус на работилниците се и ќе бидат во иднина - практични вежби, интеракција на присутните со размена на сопствени искуства и мислења, освестување на сопствените потреби, желби, но и ограничувањата од друга страна.

Учениците од шесто и деветто одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран на ден 2,3,4 мај реализираа дводневна/тридневна екскурзија низ повеќе локации во нашата држава заедно со своите класни раководители.

На ден 05.05.2023 г., за време на одделенскиот час на учениците од VII одделение им беше одржано предавање на тема "Препознавање и превенција од врсничко насилство - Булинг" од страна на училишниот психолог и педагог во училиштето, во присуство на одделенскиот раководител.

На 18 и 19 мај 2023 г. (четврток и петок), во Дојран, Богданци и Валандово се одржа најголемиот и најмасовен спортски настан за учениците од основните училишта - Мали олимписки игри. Нашето училиште зема активно учество во овие игри и постигна одлични резултати.

На ден 20.05.2023 г. (сабота), во организација на Македонското биолошко друштво и ПМФ, се одржа државниот натпревар по биологија, а победничкиот тим од млади биолози при ООУ „Кочо Рацин“ и под менторство на наставничката Гордана Терзиева ги освои следните награди:

1. Љупчо Стоев VII одд. – 🥇Прва награда;
2. Михаела Ајцева VII одд. – 🥈Втора награда;
3. Сара Катранџиева VIII одд. – 🥉Трета награда;
4. Снежана Тасева IX одд. – 🥉Трета награда.

Учениците од трето, четврто, петто, седмо и осмо одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран на 23.05.2023г. реализираа еднодневна екскурзија низ повеќе локации во Скопје заедно со своите одделенски и класни раководители.

Мешаниот оркестар и хористите при ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, а и под диригентската палка на наставникот Крсте Гогов, освоија ПРВА награда на регионалните натпревари по предметите Оркестар и Хор.

По повод Патрониот празник на нашето училиште, беше распишан литературен конкурс на тема „Рациновото срце - порта највисока, куќа најширока“ во кој учествуваа учениците од шесто до деветто одделение при ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран.
Комисијата одлучи да ги награди следните ученици:

Литературен конкурс:
1 место – Васил Стоев IX одд.
2 место – Михаела Ајцева VII одд.
3 место – Теодор Чуков VII одд.
Ликовен конкурс:
1 место – Александра Иванова VII одд.
2 место – Љупчо Стоев VII одд.
3 место – Јована Мазнова VI одд.

На 30 мај по повод Патрониот працник во холот на училиштето се одржа свечена приредба со учество на учениците од централното училиште придружувани од училишниот хор и оркестар како и членовите на драмската и литературната секција.

На свечен начин им беа доделени награди на учениците кои оваа година допринесоа за афирмација на нашето училиште.

ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран за првенец на генерација 2019/23 го прогласи Васил Стоев, ученик којшто ги заслужува сите најубави зборови и пофалби упатени од страна на наставниците и соучениците за неговиот континуиран успех, примерно поведение, постигнати високи резултати на училишни, регионални и државни натпревари од различни области, секогаш подготвен за соработка и стекнување нови знаења, а притоа справувајќи се со сите предизвици.




## 5. Успех на учениците на крајот на  учебната 2022/23година

Успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2022/23 година е прикажан табеларно (прилог табела).

Учениците од шестто до деветто одделение на крајот на учебната 2022/23година по предмети покажаа среден успех од 3,84 .Средниот успех на ниво на училиште на крајот на учебната 2022/23 година изнесува **4,07. (Истиот во споредба со минатата години бележи тренд на зголемување од околу 10 % ).**

Реализација на редовна настава по наставни предмети

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од I до V одделение | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 4500 | 4500 | 100 |
| Македонски ј. За нац. | 144 | 144 | 100 |
| Англиски јазик | 2736 | 2736 | 100 |
| Математика | 5220 | 5223 | 100.05 |
| Природни науки | 2080 | 2080 | 100 |
| Општество | 612 | 612 | 100 |
| Ликовно образование | 1260 | 1260 | 100.07 |
| Музичко образование | 1260 | 1261 | 100.07 |
| ФЗО | 3132 | 3133 | 100.03 |
| Техничко образование | 648 | 648 | 100 |
| Работа со компјутер | 432 | 432 | 100 |
| ТО и информатика | 648 | 648 | 100 |

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од VI до IX | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 1008 | 1011 | 100,2% |
| Француски јазик | 504 | 504 | 100 % |
| Англиски јазик | 756 | 756 | 100 % |
| Историја | 504 | 504 | 100 % |
| Математика | 1080 | 1084 | 103% |
| Географија | 504 | 505 | 101 % |
| Граѓанско образование | 144 | 144 | 100 % |
| Физика | 288 | 288 | 100% |
| Биологија | 360 | 360 | 100 % |
| Хемија | 288 | 288 | 100 % |
| Ликовно образование | 252 | 257 | 101% |
| Музичко образование | 252 | 253 | 100,3% |
| ФЗО | 756 | 760 | 105% |
| Техничко образование | 72 | 72 | 100% |
| Природни науки | 144 | 144 | 100% |
| Информатика | 180 | 180 | 100 % |
| Етика | 36 | 36 | 100% |
| Класична култура во | 144 | 144 | 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| европск.цивилизации | | | |
| Истражување на родниот крај | 144 | 144 | 100 % |
| Иновации | 72 | 72 | 100% |
| Вештини на живеење | 72 | 74 | 102 % |
| Танци и народни ора | 144 | 144 | 100% |
| **Вкупно** | **7704** | **7724** | **100,2%** |

| Предмети | Вкупно ученици | Среден успех по предмети од VI до IX одд. | | | | | | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Недоволни | | |
| | | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | |
| Македонски Јазик | 102 | 49 | 48% | 10 | 9,80% | 16 | 15,6% | 27 | 26,4% | / | / | 3,79 |
| Англиски ј. | 102 | 51 | 50% | 13 | 12,7% | 21 | 20,5% | 17 | 16.6% | / | / | 3,96 |
| Француски ј. | 102 | 39 | 38.2% | 16 | 15,6% | 10 | 9.8% | 37 | 36,2% | | | 3.56 |
| Математика | 102 | 23 | 22,5% | 13 | 12.7% | 21 | 20.5% | 45 | 44.1% | | | 3.14 |
| Историја | 102 | 37 | 36.2% | 14 | 13.7% | 21 | 20.5% | 30 | 29.4% | | | 3.57 |
| Географија | 102 | 52 | 50.9% | 16 | 15.6% | 22 | 21.5% | 12 | 11.7% | | | 4.06 |
| Граѓан.образо | 57 | 31 | 54.3% | 4 | 7.01% | 12 | 21.0% | 10 | 17.5% | | | 3.98 |
| Биологија | 79 | 21 | 26.5% | 12 | 15.1% | 17 | 21,5% | 29 | 36,7% | | | 3.32 |
| Физика | 57 | 14 | 24.5% | 9 | 15,7% | 10 | 17.5% | 24 | 42.1% | | | 3.23 |
| Хемија | 57 | 17 | 29.8% | 9 | 15.7% | 10 | 17.5% | 21 | 36.8% | | | 3.39 |
| Ликовно обр. | 102 | 60 | 58.8% | 12 | 11.7% | 20 | 19.6% | 10 | 9.8% | | | 4.20 |
| Музичко обр. | 102 | 59 | 57.8% | 9 | 8.82% | 18 | 17.6% | 16 | 15.6% | | | 4.09 |
| ФЗО | 102 | 73 | 71.5% | 18 | 17.6% | 6 | 5.88% | 5 | 4.90% | | | 4,56 |
| Етика | 22 | 9 | 40.9% | 3 | 13.6% | 4 | 18.1% | 6 | 27.2% | | | 3.68 |
| Информатик | 45 | 13 | 28.8% | 9 | 20% | 9 | 20% | 14 | 31.1% | | | 3.47 |
| Вештини на живеење | 22 | 15 | 68.1% | 4 | 18.1% | 3 | 13.6% | | | / | / | 4,55 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Танци и народни ора | 29 | 20 | 68.9% | 6 | 20.6% | 1 | 3.44% | 2 | 6.89% | / | / | 4,52 |
| Истражувањ на родниот | 28 | 18 | 64.2% | 3 | 10.7% | 6 | 21.4% | 1 | 3.57% | / | / | 4,32 |
| Иновации | 28 | 20 | 71.4% | 1 | 3.57% | 6 | 21.4% | 1 | 3.57% | | | 4.43 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | **3.84** |

| Одделение | Среден успех 2022/23 |
|---|---|
| **VIа** | 3,74 |
| **VIб** | 4,07 |
| **VII** | 3,71 |
| **VIIIа** | 3,85 |
| **VIIIб** | 3,83 |
| **IXа** | 4,03 |
| **IXб** | 3,68 |
| Вкупно | 3,84 |

| Предмети | Вкупно учени ци | Среден успех по предмети од IV и V одд. Македонски јазик | | | | | | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Недовол ни | | |
| | | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | |
| Македонски јазик | 60 | 37 | 62% | 9 | 15% | 10 | 17% | 4 | 7% | 0 | 0% | 4,32 |
| Англиски јазик | 60 | 35 | 58% | 11 | 18% | 12 | 20% | 2 | 3% | 0 | 0% | 4,32 |
| Математика | 60 | 35 | 58% | 9 | 15% | 6 | 10% | 10 | 17% | 0 | 0% | 4,15 |
| Ликовно образование | 60 | 52 | 87% | 6 | 10% | 1 | 2% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,82 |
| Музичко образование | 60 | 49 | 82% | 8 | 13% | 2 | 3% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,75 |
| ФЗО | 60 | 51 | 85% | 3 | 5% | 5 | 8% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,73 |
| Техничко и информатика | 60 | 49 | 82% | 6 | 10% | 2 | 3% | 3 | 5% | 0 | 0% | 4,68 |
| Општество и историја | 60 | 38 | 63% | 6 | 10% | 12 | 20% | 4 | 7% | 0 | 0% | 4,30 |
| Природни науки | 60 | 35 | 58% | 9 | 15% | 12 | 20% | 4 | 7% | 0 | 0% | 4,25 |
| СИП1 | 60 | 52 | 87% | 6 | 10% | 1 | 2% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,82 |
| СИП2 | 60 | 52 | 87% | 6 | 10% | 1 | 2% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,82 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | **4,54** |

| Предмети | Вкупно ученици | Среден успех по предмети од IV и V одд.<br>Турски јазик | | | | | | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Недоволни | | |
| | | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | |
| Македонски јазик за националности | 8 | 2 | 25% | 3 | 38% | 1 | 13% | 2 | 25% | 0 | 0% | 3,63 |
| Англиски јазик | 8 | 1 | 13% | 0 | 0% | 4 | 50% | 3 | 38% | 0 | 0% | 2,88 |
| Математика | 8 | 5 | 63% | 1 | 13% | 1 | 13% | 1 | 13% | 0 | 0% | 4,25 |
| Ликовно образование | 8 | 7 | 88% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,88 |
| Музичко образование | 8 | 7 | 88% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,88 |
| ФЗО | 8 | 8 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 5,00 |
| Техничко и информатика | 8 | 5 | 63% | 2 | 25% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,50 |
| СИП1 | 8 | 7 | 88% | 0 | 0% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,75 |
| СИП2 | 8 | 7 | 88% | 0 | 0% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,75 |
| Природни науки | 8 | 2 | 25% | 5 | 63% | 0 | 0% | 1 | 13% | 0 | 0% | 4,00 |
| Турски јазик | 8 | 5 | 63% | 2 | 25% | 0 | 0% | 1 | 13% | 0 | 0% | 4,38 |
| Историја и општество | 8 | 3 | 38% | 4 | 50% | 0 | 0% | 1 | 13% | 0 | 0% | 4,13 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | **4,33** |

**Дополнителна настава**

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| II | 108 | VI | 81 |
| III | 248 | VII | 39 |
| IV | 180 | VIII | 83 |
| V | 200 | IX | 97 |
| Вкупно | 736 | Вкупно | 300 |

**Додатна настава**

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| II | 108 | VI | 64 |
| III | 184 | VII | 37 |
| IV | 163 | VIII | 76 |
| V | 202 | IX | 88 |
| Вкупно | 657 | Вкупно | 265 |

| **Споредбени показатели за успехот на учениците** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 |
| VI-IX | 4.19 | 4.06 | 3.89 | 3,70 | 4,07 |

| **Споредбени показатели на изостаноци** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 | Учебна 2022/23 |
| Оправдани | 5885 | 3317 | 2822 | 5755 | 6178 |
| Неоправдани | 347 | 55 | 30 | 66 | 191 |
| Вкупно | 6232 | 3372 | 2852 | 5821 | 6369 |

| **Споредбени показатели за поведението на учениците** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 | Учебна 2022/23 |
| Примерно | 265 | 266 | 263 | 268 | 264 |
| Добро | / | / | / | / | 1 |
| Незадоволително | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 265 | 266 | 263 | 268 | 265 |

Во склопот на реализацијата на Годишната програма се реализирани и планираните активности и содржини од програмата на Директорот на училиштето и Стручната служба, според планирањата предвидени со програмата за работа.

**6. Соработка со родителите**

Една од формите на вклучување на родителите во работата на училиштето беа родителските средби. Во соработка со родителите особено внимание се посвети на разговори со нив, родителите во секое време да соработуваат, со сите наставници, стручната служба и директорот и да даваат свое мислење и учествуваат во работата. Родителските средби се одвиваа преку:

-Индивидуални контакти и он-лајн средби

-Родителски средби на ниво на паралелки и он-лајн родителски средби

-Изработен е Информатор за работата на ООУ„Кочо Рацин" Нов Дојран за учебната 2022/23 година и истиот е поделен на родителите .

КОНСТАТАЦИЈА:

Да се продолжи со современи методи и техники на работа во реализацијата на наставата како и одржување на континиутет на одржувањето на додатната и дополнителната настава како и од оваа полугодие и вон наставни активности, СУА, и работа со талентирани и надарени ученици. Да се поттикнат наставниците за посета на обуки за стручно и професионално усовршување. Училиштето систематски да ја следи редовноста на учениците и да известува за евентуалните неоправдани или оправдани отсуства на учениците. Да се анализираат причините за отсуство и навремено да се преземат конкретни мерки и активности што ке обезбедат зголемување на редовноста кај учениците. Континуирана соработка со родителите на учениците со нессоодветно однесување и неоправдани изостаноци.

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 7.07.2023 година.

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 18.07.2023 година.

**Претседател на Училишен Одбор**

_______________________________

/ Снежана Кортова /

Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2022/23 година го изработиле стручната служба и директорот на училиштето.

**Стручна служба:**

Жаклина Кречева

Сања Точева

**Директор:**

Мирослав Бошнаков